СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

на Општина Новаци

Број 20/24

Излегува по потреба 31.12.2024 година (вторник) бр. 20 година XXVIII
ж-сметка 749014004563010 Депонент: Народна банка на Македонија
E-mail: opstina@opstinanovaci.gov.mk Примерок - 50 ден.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Буџетски календар
за 2025 година на Општина Новаци

1. Се прогласува, Буџетски календар за 2025 година на Општина Новаци, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 30.12.2024г.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-889/2
31.12.2024г.
Новаци

Градоначалник
на Општина Новаци
Стевче Стевановски

Врз основа на член 27 став 4 и 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и „Сл. весник на РСМ,, бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22 и 170/24), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ" 202/24), член 21 став 1 точка 49 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци" бр. 7/19 и 16/24), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 30.12.2024 година донесе:

БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР за 2025 година на ОПШТИНА НОВАЦИ

Член 1

МОЖЕН ДАТУМ	БУЏЕТСКИ АКТИВНОСТИ	ОДГОВОРНСТ
1-30 Септември	Министерот за финансии подготвува буџетски циркулар во кој се содржани главните насоки за изготвување на Предлог-буџетите за наредната година и висината на дотациите од Буџетот на РМ, кој им го доставува на општините.	Закон за буџетите Сл.в. 203/22 Закон за финансирање на ЕЛС Сл. в. 61/04 , 96/04 , 67/07 , 156/09, 47/11, 192/15, 209/18, 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22 и 170/24
5 октомври	Градоначалникот и Раководителот на Одделението за финансиски прашања се состануваат за да ги одредат приоритетите и одредбите на буџетот за наредната година.	Градоначалник Раководител на Одделението за финансиски прашања
10 октомври	Буџетските информации со формуларите за буџетските побарувања со упатствата се доставуваат до одделенијата и буџетските корисници заедно со писмото на Градоначалникот за зацртаните одредби.	Раководител на Одделението за финансиски прашања
25 октомври	Проценката на трошоците за наредната буџетска година се враќаат на Раководителот на Одделението за финансиски прашања од останатите одделенија и буџетски корисници.	Раководители на одделенија Буџетски корисници
30 октомври	а. Се собираат буџетските барања	Раководител на Одделението за

	б. Барањата се анализираат и усогласуваат в. Се изготвува билансот на приходи г. Се изготвува билансот на расходи	финансиски прашања
10 ноември	Градоначалникот ги разгледува и одобрува предложените буџетски пресметки и го одобрува Нацрт-буџетот подготвен од Раководителот на Одделението за финансиски прашања	Градоначалник
25-30 ноември	Нацрт-буџетот (работен материјал) се разгледува првпат од Советот на Општината и се расправа за евентуални дополнувања.	Совет на Општината
до 5 декември	Се доставува конечен предлог-буџет од страна на Градоначалникот	Градоначалник
20 декември	Се води расправа во телата на Советот на Општината	Комисија за финансирање и буџет
24-31 декември	1. Седница на Советот на Општината за донесување на Буџетот за наредната буџетска година. 2. Доколку Советот не го усвои Предлог-буџетот донесува одлука за времено финансирање согласно Законот за финансирање на ЕЛС Член 28 став 2.	Совет на Општината
1 јануари	Започнува новата буџетска година	

Член 2

Ббуџетскиот календар на Општина Новаци за 2025г. , влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ’’Службен гласник на Општина Новаци’’.

Претседател
на Совет на Општина Новаци
Славица Најдовска Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Буџет на Општина Новаци
за 2025 година

1. Се прогласува, Буџет на Општина Новаци за 2025 година, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 30.12.2024г.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-889/3
31.12.2024г.
Новаци

Градоначалник
на Општина Новаци
Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002 и 202/2024). член 28/18 од РСМ став 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Р.М.„бр.61/2004,96/2004,67/2007,156/09,47/11,192/15,209/18, Сл.весник на РСМ, 244/19,53/21,77/21,150/21 и 173/22 год.), и член 36 од Законот за буџети („Службен весник на РМ“ бр. 54/05, 04/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12,192/15,167/16,151,21), Советот на општина Новаци на 60 седница,одржана на 30.12.2024 година донесе :

Република Северна Македонија
Општина Новаци
Бр. 14-8641/5
30.12.2024 год.
Новаци

БУЏЕТ на општина Новаци за 2025 година

I.ОПШТ ДЕЛ

Член 1

Буџетот на општина Новаци за 2025 година се состои од:

	Во денари
I.Вкупни приходи	**196.761.918,00**
-Даночни приходи	13.826.276,00
-Неданочни приходи	3.100.00,00
-Капитални приходи	62.085.000,00
-Приходи од дотации	49.570.646,00
-Трансфери	49.879.996,00
-Приходи од донации	18.300.000,00
II.**Вкупни расходи**	**218.215.973,00**
Од утврдени намени	218.065.973,00
Расходи од резерви	150.000,00
III.Дефицит	**-21.454.055,00**
IV.ФИНАНСИРАЊЕ	**21.454.055,00**
Прилив	**23.150.343,00**
Задолжување во земјата	**0,00**
Депозит	**23.150.343,00**
Одлив	**1.696.288,00**
Отплата	**1.696.288,00**

Член 2

Приходите на Буџетот по видови на приходи се утврдени во билансот на приходи, а расходите по основни намени се утврдени во билансот на расаходи и тоа како што следува:

Претседател на Совет на Општина Новаци
Славица Најдовска-Стојковска

Република Северна Македонија • Општина Новаци • Совет

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за донесување на Буџетот на Општина Новаци за 2025 година

1. Се прогласува, Одлука за донесување на Буџетот на Општина Новаци за 2025 година, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 30.12.2024г.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-889/4
31.12.2024г.
Новаци

Градоначалник
на Општина Новаци
Стевче Стевановски

Врз основа на член 22 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Сл. весник на РМ’’ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Сл. весник на РСМ„ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22 и 170/24), член 37 став 8 од Законот за буџети („Сл. весник на РМ“ бр. 203/2022 и 76/2024), член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ’’ бр.5/2002 и 202/24) и член 21 став 1 точка 4 и член 94 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци” бр. 7/19 и 16/24), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 30.12.2024 година донесе:

ОДЛУКА
за донесување на Буџетот на Општина Новаци за 2025 година

Член 1

Со оваа Одлука се донесува Буџетот на Општина Новаци за 2025 година.

Член 2

Одлуката за донесување на Буџетот на Општина Новаци за 2025 година, влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ’’Службен гласник на Општина Новаци’’.

14- 864/6
30.12.2024г.
Новаци

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за извршување на Буџетот на Општина Новаци за 2025 година

1. Се прогласува, Одлука за извршување на Буџетот на Општина Новаци за 2025 година, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 30.12.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-889/5
31.12.2024г.
Новаци

Градоначалник
на Општина Новаци
Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр. 5/02 и 202/24), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и „Сл. весник на РСМ,, бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22 и 170/24), член 36 став 1 од Законот за буџети („Сл. весник на РСМ" бр. 203/2022 и 76/2024), член 93 став 2 од Законот за административните службеници („Сл. весник на РМ" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и „Сл. весник на РСМ бр. 275/19, 14/2020, 215/2021, 99/22 и 208/24), одредбите на Гранскиот колективен договор за органите на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судовите, јавните обвинителства, казнено – поправните и воспитно – поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на Градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија („Сл. весник на РСМ " бр. 51/20 и 172/21), член 21 став 1 точка 49 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци" бр. 7/19 и 16/24), Колективниот договор за административните службеници и другите вработени во Општина Новаци бр. 03-806/1 од 18.09.2018г. и бр.01-893/1 од 29.09.2022) и член 21 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци" бр. 7/19), Советот на Општина Новаци на 60тата седницата одржана на ден 30.12.2024 година, донесе

О Д Л У К А
за извршување на Буџетот на Општина Новаци за 2025 година

Член 1

Буџетот на Општина Новаци за 2025 година се извршува според одредбите на оваа Одлука (во понатамошниот текст-Буџетот).

Член 2

Буџетот на Општината се состои од:

- Основен буџет;
- Буџет на самофинансирачки активности,
- Буџет на донации;
- Буџет на дотации и
- Буџет на заеми.

Член 3

Корисниците на средствата на буџетот се должни да постапуваат во согласност со буџетските начела, а утврдените средства во буџетот да ги користат наменски, рационално и економично.

Член 4

Расходите утврдени со буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да преземаат обврски.

За да се преземат нови обврски до Советот на општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи во сразмерен износ.

Член 5

Градоначалникот на општината ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи на основниот буџет на општината.

Доколку во текот на годината Градоначалникот оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со буџетот или дека реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапува од планот, му предлага на Советот на Општината изменување и дополнување на буџетот.

Советот на Општината на предлог на Градоначалникот ги донесува измените и дополнувањата на буџетот најдоцна до **15 ноември** во тековната година.

Член 6

Пренаменета во рамките на одобрените буџети на буџетските корисници ја одобрува Советот на општината.

Во рамките на расходите утврдени во буџетот на буџетскиот корисник, корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки, програми и потпрограми по претходно одобрување од Советот на општината.

Одобрените средства со Буџетот на ниво на ставка во рамките на потпрограма и буџет, не можат да бидат намалени повеќе од **20%** со прераспределба во тековната фискална година.

Одобрените средства за плати, и надоместоци во рамки на буџет не може да се зголемат со прераспределби повеќе од **10%**.

Член 7

Буџетските корисници, во услови кога во Буџетот на самофинансирачки активности, буџетот на донации, буџетот на дотации или буџетот на заеми, планираните приходи и други приливи не се реализираат односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување/зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои Градоначалникот ги доставува до Советот на општината на одобрување.

Член 8

Буџетските корисници по усвојувањето на буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства. Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансискиот план по месеци.

Член 9

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во буџетот, односно бруто платите се утврдуваат за:

- Коефициентот за исплата на плата на градоначалникот е утврден согласно закон и изнесува 2,35, а основицата на која се пресметува е просечната исплатена месечна плата по вработен во Републиката за претходната година, според податоците на Државниот завод за статистика;
- вредноста на бодот на административните/државните службеници се утврдува со посебна Одлука донесена од Советот на Општината;
- на вработените во ТППЕ како и на вработените по Закон за работни односи ќе им се исплаќа бруто плата согласно Правилникот за плати, надоместоци на плати и други примања на вработените во општинската администрација на Општина Новаци, и измените од истиот.

Член 10

Бруто платите на вработените во локалните јавни установи за 2025 година ќе се исплатуваат согласно утврдените коефициенти и утврдената вредност на бодот утврден со потпишаните колективни договори со ресорните министерства.

Член 11

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи, кои се финансираат со блок дотации ќе се спроведува на следниов начин:

- средствата ќе се планираат на сметка – дотации (930), а ќе се извршуваат преку сметката – дотации на локалните јавни установи (903);
- локалните јавни установи финансирани со блок дотациите се должни во рок од два дена пред исплатата на платите на вработените до Општината да достават барање за одобрување на средства за плати кон кое ќе ги приложат обрасците (копија од рекапитулација за пресметани нето и бруто плати, образец Ф-1 за бројот на вработените по име и презиме, бруто и нето плата) за месецот за кој се однесува платата;

- во случај на нови вработувања во локалните јавни установи кои се финансираат од Буџетот на дотации се должни да достават известување за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М – 1.

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи кои сефинансираат од Буџетот на дотации ја контролира и одобрува Министерството за финансии.

Градоначалникот на општината е должен одделните пресметки на локалните јавни установи да ги достави до ресорното Министерство од кое ќе се трансферира блок дотацијата.

Ресорните Министерства доставените пресметки за исплата на бруто плати и надоместоци го доставуваат до Министерството за финансии за контрола и евиденција.

Член 12

Месечниот надоместок за присуство на седници на членовите на Советот изнесува 40 % од просечната месечна плата во Републиката исплатена за претходната година.

На претседателот на советот, за раководење и организирање на работата на Советот му се определува надоместок, зголемен за 30% од утврдениот надоместок од став 1 на овој член.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се исплатува за присуство на сите седници на советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се намалува за 30% за секоеотсуство од седница на совет.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот не се исплатува, доколку членот на советот не присуствувал на ниту една седница на советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците не се исплатува, доколку советот во тековниот месец не одржал седница.

Член 13

Вработените во општинската администрација имаат право на патни и дневни трошоци во случаите кога се упатени на пат врз основа на уредни и веродостојни документи.

Висината на дневниците за службено патување во земјата се исплатуваат во висина од 700 денари[2] и тоа за секои поминати од 08 – 12 часа половина дневница (350 денари) и цела дневница од 12,[01] - 24 часа цела дневница (700 денари).

За службените патувања во странство дневницата се исплатува во висина утврдена како завработените во органите од централната власт.

Член 14

Исплата на име надомест за регрес за годишен одмор ќе се врши од Програма – Општинска администрација – Е0 и Градоначалник - Д0, Расходно конто 404110 – Надомест за годишен одмор на основа донесено решение од Градоначалникот.

Висината на надоместокот за годишен одмор изнесува една (1) просечна месечна нето плата во Република Северна Македонија, објавена во претходниот месец пред исплатата на надоместокот за годишен одмор.

Член 15

Во случај на боледување подолго од шест месеци на работникот му се исплатува помош во висина од една последно исплатена просечна месечна нето плата во правниот субјект каде што евработен од Програма – Општинска администрација – Е0 расходно конто 464990 – Разни трансфери

Член 16

Користењето на средствата од буџетот на општината за вршење на функциите на буџетските корисници се реализираат со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди и фискална сметка во случај кога за расходите не може да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи до
6.000,00 денари каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

Член 17

За средствата утврдени во буџетот на општината во рамките на резервите (постојана и тековна буџетска резерва), одлучува Советот на општината, а ги извршува Градоначалникот.

За искористените средства Градоначалникот е должен да поднесе Годишен извештај за користењето на средствата од резервите.

За користење на средства од резервите до износ најмногу до 50.000 денари одлучуваГрадоначалникот.

Член 18

Исплатата на надоместоците за отпремнини за пензионирање на вработените во општината и локалните јавни установи ќе се врши од Програма – Општинска администрација – Е0, односно Н1 образование, односно В1 социјална заштита и заштита на деца, односно од Програмата во која се планирани средствата за исплата на оваа намена, во висина од две просечни исплатени месечни нето плати во Републиката објавени до денот на исплатата.

Во случај на смрт на вработен во општината и локалните јавни установи на неговото семејствому припаѓа парична помош во износ од двократен износ на просечната месечна нето-плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата, во случај на смрт на член на потесно семејство на вработениот (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноци, посвоени деца и деца земени на издржување) му припаѓа парична помош во износ од една просечната месечна нето-плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата, односно во висина на помошта урврдена со соодветниот Гранси колективен договор и Колективен договор на административните службеници и другите вработени во Општина Новаци бр. 03-806/1 од 18.09.2018г и бр.01-893/1 од 29.09.2022г., а исплатата ќе се врши од Програма – Градоначалник – Д0 расходно конто 464990 – Други трансфери.

Исплатата на надоместоците од претходните ставови на овој член ќе се врши врз основа на претходно оформена и комплетна документација и донесено решение од страна на Градоначалникот.

Член 19

Исплата на име Јубилејни награди ќе се врши од Програма – Општинска администрација – Е0 расходно конто 464990 - Други трансфери на основа донесено решение од Градоначалникот, согласно Колективен договор на административните службеници и другите вработени во Општина Новаци.

Член 20

Средствата утврдени во буџетот и распоредени во поодделните програми потпрограми ги извршува Градоначалникот на општината.

Член 21

Вработувањата во општинската администрација се вршат согласно актите за организација и систематизација на општината за кои се обезбедени средства во буџетот на Општината.

Во делот на пренесените надлежности согласност за нови вработувања во локалните јавни установи од областа на културата, образованието и социјалната заштита кои се финансираат со блок дотации се дава за:

- вработувања за кои се обезбедени средства во Буџетот на Република Северна Македонија за тековната фискална година, согласно член 51 став (1) и (4) од Закон за буџетите за што писмено известување ќе даде Министерството за финансии, врз основа на барање од градоначалникот на општината до надлежното министерство за потребата од вработување во локалните јавни установи, со соодветна пропратна документација, и
- вработувања за кои се обезбедени средства во основниот буџет на општината за тековната фискална година за што, согласно член 51 став (3) и (4) од Законот за буџетите писмено известување ќе даде градоначалникот на општината.

Во случај на нови вработувања локалните јавни установи кои се финансираат со блок дотациисе должни да достават позитивно известување до Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М-1.

Член 22

Се овластува одделението за финансиски прашања да ги примени одредбите од новите законски прописи кои ја регулираат исплатата на бруто платата.

Член 23

Средствата утврдени во поодделни Програми донесени од Советот на општината и истите целосно или делумно се извршуваат од страна на јавните претпријатија чиј основач е општината, за реализација на истите градоначалникот склучува договор со соодветното јавно претпријатие за уредување на меѓусебните права и обврски и уредување на начинот на извршување на доверените работи, стоки и услуги.

Член 24

Кога приходите што му припаѓаат на буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно, на повеќе уплатени односно наплатени приходи се врши со решение на Градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

Член 25

Буџетот на Општина Новаци се извршува од 01.01.2025 до 31.12.2025 година.

Член 26

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Новаци", а ќе се применува од 01 јануари 2025 година.

Претседател
на Совет на Општина Новаци
Славица Најдовска-Стојковска

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е
кон Одлуката за извршување на
Буџетот на Општина Новаци 2025 година

Со Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Новаци 2025 година, се прецизира начинот на извршување на средствата утврдени во Буџетот на Општина Новаци, начинот на пренамена во рамките на одобрените Буџети на буџетските корисници.

Со оваа одлука за извршување на буџетот се даваат јасни насоки и правила на постапување на сите засегнати страни/буџетски корисници на средства од Буџетот на општината_Новаци со упатување на доследно почитување на буџетските начела и користење на средствата на законски, економичен, ефикасен и ефективен начин.

Исто така со наведената одлука е регулирана висината на поодделните надоместоци на вработените во општинската администрација и администрацијата вработена во правните субјекти корисници на средства од буџетот на општината.

Утврден е и начинот на постапување на користење на средствата од резервите и доделување на одредени помошти по основ на боледување подолго од шест месеца, во случај на смрт на вработен или член на негово потесно семејство итн.

Средствата утврдени во буџетот и распоредени во поодделни програми и потпрограми ги извршува Градоначалникот на Општината, а Буџетот на Општина Новаци се извршува од 01.01.2025 до 31.12.2025 година.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2025 година

1. Се прогласува, Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2025 година, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 30.12.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

Врз основа на член 88 став 2 од Законот за административни службеници („Сл. весник на РМ“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и „Сл. весник на РСМ бр. 275/19, 14/2020, 215/2021, 99/22 и 208/24), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ” бр.05/02 и „Сл.весник на РСМ“ 202/24), член 21 став 1 точка 49 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци” бр. 7/19 и 16/24) и Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2021 година („Сл. весник на РСМ“ бр. 293/2021), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 30.12.2024 година, донесе

ОДЛУКА
за утврдување на вредност на бодот за пресметувањена платите на државните службеници за 2025 година

Член 1

Вредноста на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2025 година изнесува 81,6 денари.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Новаци “, а ќе се применува со исплата на платата за јануари 2025 година.

08-889/6
31.12.2024г.
Новаци

Градоначалник
на Општина Новаци
Стевче Стевановски

14- 864/8
30.12.2024г.
Новаци

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на помошно технички лица во општинската администрација за 2025 година

1. Се прогласува, Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на помошно технички лица во општинската администрација за 2025 година, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 30.12.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-889/7
31.12.2024г.
Новаци

Градоначалник
на Општина Новаци
Стевче Стевановски

Врз основа на член 3 став 1 и 2 и член 4 од Законот за минимална плата во Република Северна Македонија („Сл. весник на РМ” бр. 11/12,30/14, 180/14, 81/15, 129/15, 132/17 и 140/18 и „Сл. весник на РСМ,, бр. 124/19, 239/19, 41/22), член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ” бр. 05/02 и „Сл.весник на РСМ“ бр. 202/24), член 21 став 1 точка 49 и член 94 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци” бр. 7/19 и 16/24) и Правилникот за определување на плата на вработените во општинската администрација со статус на помошно технички лица, бр.01-310/10 од 12.07.2017г., бр.01-310/11 од 29.09.2017г., бр. 01-1051/1 од 23.12.2019г., бр. 01-356/1 од 29.03.2021г., бр. 01-356/2 од 28.04.2021г., бр. 01-4017/10 од 01.04.2022г., бр. 01-417/2 од 29.11.2022г. и бр .04-342/1 од 29.03.2024г., Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 30.12.2024 година, донесе

ОДЛУКА
за утврдување на вредност на бодот за платите на помошно технички лица во општинската администрација за 2025 година

Член 1

Вредноста на бодот за платите на помошно технички лица во општинската администрација, за 2025 година изнесува 76,19 денари.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Новаци “, а ќе се применува со исплата на платата за јануари 2025 година.

14- 864/9
30.12.2024г.
Новаци

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за сопствено учество (кофинансирање) на Општина Новаци во проектот ,,Поставување на систем со панели за производство на електрична енергија над покривот на ООУ „Славко Лумбарковски“ Новаци и поставување на топлотна пумпа за загревање на училиштето“

1. Се прогласува, Одлука за сопствено учество (кофинансирање) на Општина Новаци во проектот ,,Поставување на систем со панели за производство на електрична енергија над покривот на ООУ „Славко Лумбарковски“ Новаци и поставување на топлотна пумпа за загревање на училиштето“, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 30.12.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-889/8
31.12.2024г.
Новаци

Градоначалник
на Општина Новаци
Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр. 202/24), член 21 став 1 точка 49 и член 94 од Статутот на Општина Новаци Новаци („Службен гласник на Општина Новаци” бр. 07/19 и бр. 16/24), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 30.12.2024 година, донесе:

ОДЛУКА
за сопствено учество (кофинансирање) на Општина Новаци во проектот ,,Поставување на систем со панели за производство на електрична енергија над покривот на ООУ ,,Славко Лумбарковски“ Новаци и поставување на топлотна пумпа за загревање на училиштето“

Член 1

Со оваа Одлука се одобрува сопствено учество (кофинансирање) на Општина Новаци во проектот ,,Поставување на систем со панели за производство на електрична енергија над покривот на ООУ ,,Славко Лумбарковски“ Новаци и поставување на топлотна пумпа за загревање на училиштето“ финансиран од УНДП во износ од 200 000, 00 денари.

Член 2

Општина Новаци за реализација на проектот од член 1 ќе учествува (кофинансира) со сопствени средства во износ од 52 500, 00 денари.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Новаци”.

14- 864/10
30.12.2024г.
Новаци

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за давање на Согласност на Годишната програма за работа на ЈПКД „Комунална хигиена“ Новаци за 2025 година

1. Се прогласува, Одлука за давање на Согласност на Годишната програма за работа на ЈПКД „Комунална хигиена“ Новаци за 2025 година, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 30.12.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-889/9
31.12.2024г.
Новаци

Градоначалник
на Општина Новаци
Стевче Стевановски

Врз основа на член 11 став 1 точка 8 од Законот за јавни претпријатија (“Службен веник на РМ“ бр. 38/96; 6/02; 40/03; 49/06; 22/2007; 83/09; 97/10; 6/12; 119/13; 41/14; 138/14; 25/15; 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19, “Службен веник на РСМ“ бр. 275/19 и 89/22), член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/2002 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 21 став 1 точка 4 и член 94 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци” бр. 07/19 и бр. 16/24), Советот на Општина Новацина седницата одржана на 30.12.2024 година донесе:

ОДЛУКА
за давање на Согласност на Годишната програма за работа на ЈПКД ’’Комунална хигиена“ Новаци за 2025 година

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност на Годишната програма за работа на ЈКПД ’’Комунална хигиена“ Новаци за 2025 година, бр. 01-252/1 од 12.12.2024 год. (наш бр.15-856/1 од 17.12.2024г.)

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

14- 864/11
30.12.2024г.
Новаци

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за финансиска поддршка на ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци за отплата на долг за електрична енергија

1. Се прогласува, Одлука за финансиска поддршка на ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци за отплата на долг за електрична енергија, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 30.12.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-889/10
31.12.2024г.
Новаци

Градоначалник
на Општина Новаци
Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ” бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ” бр. 202/24), член 8-б став 1 и став 2 точка а, член 39 од Законот за јавните претпријатија („Сл. весник на РМ“ бр. 138/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 275/19, 89/22, 274/2022 и 208/2024), член 21 став 1 точка 49 и член 94 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци” бр. 07/19 и бр. 16/24) и Барањето од ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци бр. 03-256/2 од 18.12.2024г. (наш бр. 15-857/1 од 18.12.2024г.), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 30.12.2024 година донесе:

ОДЛУКА
за финансиска поддршка на ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци за отплата на долг за електрична енергија

Член 1

Со оваа Одлука се одобрува финансиска поддршка на ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци за отплата на долг за електрична енергија кон ЕВН Македонија, во износ од 261 344,00 денари, наследен долг од МЗ Бач, Брод и Живојно и дополнително зголемен од трошоците за работа на пумпните станици за вода на овие локации.

Член 2

Средствата во износ од 261 344,00 денари, Општина Новаци ги одобрува на ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци, исклучиво за отплата на долгот од член 1 од оваа Одлука.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

14- 864/12
30.12.2024г.
Новаци

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за давање на трајно користење на патничко возило во сопственост на Општина Новаци, на МЈП „ПЕЛАЛИНК“ Битола

1. Се прогласува, Одлука за давање на трајно користење на патничко возило во сопственост на Општина Новаци, на МЈП „ПЕЛАЛИНК“ Битола, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 30.12.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-889/11
31.12.2024г.
Новаци

Градоначалник
на Општина Новаци
Стевче Стевановски

Врз основа на член 3 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Сл. весник на РМ“ бр. 78/15,106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 101/119, 275/19 и 122/21), член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/2002 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци” бр. 07/19 и бр. 16/24), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 30.12.2024 година, донесе

ОДЛУКА
за давање на трајно користење на патничко возило во сопственост на Општина Новаци, на МЈП „ПЕЛАЛИНК“ Битола

Член 1

Со оваа Одлука, се дава на трајно користење патничко возило во сопственост на Општина Новаци, на МЈП „ПЕЛАЛИНК“ Битола.

Возилото е со податоци:

- Тип на возило: Патничко возило-Volkswagen Golf 1.9 TDI
- Регистарски таблички ВТ-9224-АD
- Година на производство 2004 год.
- Работна зафатнина на моторот: 1896 $см^3$
- Сила на моторот: 77 kw
- Број на моторот: 023860
- Број на шасија: WVWZZZ1KZB022812

Член 2

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Новаци“.

14- 864/13
30.12.2024г.
Новаци

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Програма за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Новаци за 2025 година

1. Се прогласува, Програма за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Новаци за 2025 година, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 30.12.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-889/12
31.12.2024г.
Новаци

Градоначалник
на Општина Новаци
Стевче Стевановски

Врз основа член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална („Сл. весник на РМ“ бр. 5/02 и „Сл.весник на РСМ” бр. 202/24), член 21 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/2019 и 16/24) и член 40 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. весник на РСМ“ бр. 32/2020, 111/2023, 171/2024 и 224/2024), Советот на Општина Новаци на седницата на ден 30.12.2024г. донесе:

П Р О Г Р А М А

за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Новаци за 2025 година

ВОВЕД

Планирањето е основа за создавање на единствена реална функционална целина, преку која се овозможува и отворање на нови локации за: домување, комерцијални и деловни намени, јавни институции, производство, дистрибуција и сервиси и зеленило и рекреација.
Планирањето се овозможува преку:

- Изработка на Урбанистички планови за село
- Изработка на Урбанистички планови вон населено место
- Изработка на Урбанистички проекти

ПЛАНИРАЊЕ

Врз основа на годишната програма за изработка на плановите, општината (нарачателот на планот) склучува договор со овластена организација за изработка на урбанистички планови. Со договорот се утврдува содржината на планот (програма), роковите за изработка, начинот на плаќање и други права и обврски на нарачателот и изработувачот на планот.
Финансирањето на урбанистичките планови се планира да се обезбеди со:

- Средства од надомест за уредување на градежно земјиште
- Средства од надомест за уредување на градежно земјиште и од самофинансирање на од заинтересирани правни и физички лица
- Самофинансирање од правни и физички лица
- Агенција за финансиска подршка на земјоделието и рурален развој
- Средства од утврдување на правен статус на бесправни градби
- Буџет на Општина Новаци и други извори

За 2025 година се предлага изработка на следните планови:

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

1. УПС за село Новаци
2. УПС за село Гермијан

3. УПС за село Живојно
4. УПС за село Рибарци
5. УПС за село Градешница
6. УПС за село Будимирци

- 11497500,00ден,

- Средства обезбедени од Агенција за финансиска подршка на земјоделието и рурален развој

7. УПС за село Бач 1500000,00ден
8. УПС за село Горно Агларци 1300000,00ден
9. УПС за село Далбеговци 1150000,00ден
10. УПС за село Добромири 1110000,00ден

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО

1. Урбанистички план за вон населено место за изградба на објекти со намена Б2.6-Магацин на К.П.бр.1059, К.П.бр.1060, К.П.бр.1061, К.П.бр.1065, К.П.бр.1066/1 и К.П.бр.1066/2, К.О. Гермијан, Општина Новаци

240000,00ден

- Приватен инвеститор

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТИ

1, Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1,1 и изградба на локален пат – обиколница околу с. Новаци – I фаза (точниот назив на оваа документација ќе се утврди при составување на проектната програма) 420000,00ден
2, Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1,1 и изградба на локален пат – обиколница – II фаза (точниот назив на оваа документација ќе се утврди при составување на проектната програма) 420000,00ден
3, Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е3.1 - Постројки за термички, физичко-хемиски и хемиски третман на неопасен отпад (точниот назив на оваа документација ќе се утврди при составување на проектната програма)
600000,00ден.
4. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на локален пат ОП 114 врска крстосница с. Старавина - Р-1311 до с. Будимирци. 120000,00ден
5. УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА за сообраќајна инфраструктура – пешачка патека во населено место село Новаци, Општина Новаци 120000,00ден
6. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на намена ДЗ – спорт и рекреација на КП 486 и дел од КП 487 КО Скочивир 120000,00ден
7. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на фекална канализација за с. Рибарци 150000,00ден
8. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на фекална канализација за село Бач 150000,00ден

Согласно член 93 ќе продолжат постапките за следните плански и планско – проектни документации согласно претходниот закон:

ПРОЕКТИ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА

1. Проект за инфраструктура за изградба на систем за наводнување со придружни објекти на река Елешка, КО Гермијан, Општина Новаци 150000,00ден
2. Проект за инфраструктура за Мала хидроелектрична централа и цевковод (реф. бр. 236) со пратечки објекти на река Коњарка, КО Скочивир, Општина Новаци (приватен инвеститор) 180000,00ден
3. Проект за инфраструктура за Мала хидроелектрична централа и цевковод (реф. бр. 235) со пратечки објекти на река Коњарка, КО Скочивир, Општина Новаци (приватен инвеститор) 180000,00ден

АРХИТЕКТОНСКО УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

1, АУП за формирање на градежни парцели со намена Г2 за изградба на фабрика за производство на CO2, минерална вода и екстракти од треви и билки за КП бр.876 и КП бр.877/4 КО Новаци, согласно УПВНМ за фабрика за производство на на CO2 и екстракти од треви билки за градежна парцела бр.1, Општина Новаци (приватен инвеститор) 180000,00ден

Вкупно за релизација на Годишната програма за изработка на урбанистички планови се потребни **19407500,00ден**

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Пред склучување на договорот со изготвувачот на планот, потребно е да му се достави Проектна програма која ќе ги содржи сите програмски насоки, потреби и функции, кои планот треба да ги содржи. Ова е со цел да се добијат квалитетни планови, истовремено и планови кои несметано ќе се реализираат.
Цената на плановите се пресметува по хектар од испланираната површина, по договор со правниот субјект – фирмата регистрирана за изработка на урбанистички планови, по пат на јавна набавка, согласно Законот за јавни набавки.
Во зависност од потребите, оваа програма може да се изменува и дополнува, со претходна согласност на Советот на Општина Новаци.
Оваа програма влегува во сила осмиот од објавувањето во Службен гласник на Општина Новаци.

Претседател
на Совет на Општина Новаци
Славица Најдовска Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Програма за управување со животна средина во однос на влијанието од енергетскиот сектор во Општина Новаци за 2025 година

1. Се прогласува, Програма за управување со животна средина во однос на влијанието од енергетскиот сектор во Општина Новаци за 2025 година, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 30.12.2024г.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-889/13
31.12.2024г.
Новаци

Градоначалник
на Општина Новаци
Стевче Стевановски

Врз основа на Член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („ Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл.весник на РСМ” бр. 202/24), член 21 став 1 точка 8 од Статутот на Општина Новаци (,,Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24) и Одлуката за распределба на средства остварени по основ на надоместок за производство на енергија од фосилни горива како наменски додатоци на општините, Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 30.12.2024 год. донесе:

П Р О Г Р А М А

ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЖИВОТНА СРЕДИНА ВО ОДНОС НА ВЛИЈАНИЕТО ОД ЕНЕРГЕТСКИОТ СЕКТОР ВО ОПШТИНА НОВАЦИ ЗА 2025 ГОДИНА

Член 1

Со програмата за управување со животна средина во однос на влијанието од енергетскиот сектор на Општина Новаци за 2025 година се уредува намената и доделувањето на средства за реализација на програми и проекти и други активности од областа на животната средина на територијата на Општина Новаци за 2025 година.

Член 2

Средствата за реализација на Програмата се обезбедени од:

1.Надоместокот за производство на енергија од фосилни горива наменска дотација за Општината за 2023 година во износ од ---------- 4.500.000,00 денари

2.Буџет на Општина Новаци за 2025 година во износ од---------- 1.000.000,00 денари

==========

Вкупно: 5.500.000.00 денари

Член 3

За начинот и динамиката на користење на средствата ќе се грижи Комисијата за урбанизам,комунални дејности и заштита на животната средина при Советот на Општина Новаци.Доколку при спроведувањето на постапките и потпишувњето на договорите се јави разлика во цените односно се добијат поголеми цени од предвидените средства истите ќе се надополнат од Буџетот на Општина Новаци за 2025 година.

Член 4

Средствата од Член 2 на ова Програма ќе се распределуваат на следниот начин:

1. Изградба на пешачко-рекреативна патека од населено место село Новаци до Манастир „Пресвета Богородица“ с.Новасци, Општина Новаци ---------- 5.500.000,00 денари.

==========

ВКУПНО: 5.500.000,00 денари

Претседател
на Совет на Општина Новаци
Славица Најдовска Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Програма за животна средина на Општина Новаци за 2025 година

1. Се прогласува, Програма за животна средина на Општина Новаци за 2025 година, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 30.12.2024г.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-889/14
31.12.2024г.
Новаци

Градоначалник
на Општина Новаци
Стевче Стевановски

ПРОГРАМА

ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА НА ОПШТИНА НОВАЦИ ЗА 2025 ГОДИНА

I. **СТРАТЕШКА ЦЕЛ** Програмата на Општина Новаци за заштита на животната средина е насочена кон спроведување на активности за заштита на животната средина во надлежност на локалната самоуправа, исполнување на барањата на македонското законодавство за животна средина, обезбедување на поквалитетни услови за живот на граѓаните и почиста животна средина во општината.

II. **ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА** Општа цел на Програмата: - да се обезбедат практични и финансиски изводливи решенија за приоритетните проблеми и активности во областа заштита на животната средина; - прифаќање на еколошката проблематика во останатите секторски програми во насока на одржлив развој на локалната заедница. Специфични цели на Програмата: - Системска контрола на квалитетот на животната средина во општината; - Спроведување на Оцена на влијанието врз животната средина уште во процесот на планирање на проектите за да се превенираат последиците од загадување на животната средина; - Изработка на стратешки документи за заштита на животната средина; - Систематизирано спроведување на постојани подобрувања со постојниот систем за управување со отпадот во општината; - Зголемување на новите зелени површини во општината, уредување на запуштени зелени површини, амортизирање на загадувањето на почвата, воздухот и бучавата, подобрување на визуелниот изглед на урбаната средина, како и активности за пошумување.

III. **ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА** Програмата за активностите на Општина Новаци во областа на заштитата на животната средина во текот на 2025 година ќе бидат насочени кон:

- Контрола, анализа, следење и информирање за квалитетот на животната средина на територијата на општината и тоа на: влијание врз квалитет на амбиенталниот воздух од поединечни извори, влијание на отпадните води од поединечни извори врз површинските води и други водотеци, влијание од бучава во животната средина;
- Информирање за состојбата со квалитетот на воздухот, водите и отпадот на територијата на општината преку систематизирање на добиените податоци од државната и локалната мрежа за мониторинг за 2025 г., како и
